Бр./Nr 12-3772/2 (2021)
17-01-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3772/1 од 08.10.2021 година, оформен по доставена пријава за ///, кандидат за градоначалник на Општина /// од /// на Локалните избори 2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-3772/1 од 08.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 08.10.2021 година поднесена е пријава за ///, кандидат за градоначалник на Општина /// од /// на Локалните избори 2021 година и оформен е предмет број 12-3772/1 од 08.10.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за сторена повреда на член 82 став 1 од Изборниот законик од страна на пријавеното лице, на начин што истото одржало предизборен собир на недозволено место во време на изборна кампања.

Според изнесеното во пријавата, на ден /// година пријавениот бил во посета на Одделот /// во рамки Општата болница /// при што остварил средба со лекари и друг медицински персонал. Кон пријавата се приложени фотографии од остварената средба, објавени на страницата на кандидатот на социјалната мрежа Фејсбук.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК изврши увид во содржината на јавната објава посочена во пријавата, при што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден /// година на страница на социјалната мрежа Фејсбук на пријавеното лице – тогаш актуелен кандидат за градоначалник на Општина /// од /// се објавени фотографии од

остварена средба со лекари и медицински персонал, заедно со текст во кој е содржана информација за одржана средба на која пријавеното лице им изразило поддршка во борбата против Корона вирусот.

Видно од содржината на објавените фотографии, на истите е прикажана средба која се одржува во просторот на надворешен дел на објект, при што не се прикажани партиски симболи или други материјали кои упатуваат на промоција на кандидат во изборна кампања. Имајќи ја предвид содржината на фотографиите и на објавениот текст, може да се констатира дека настанот посочен во пријавата не може да се смета за предизборен собир во смисла на одредбите на Изборниот законик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**